**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 17-09.2016
| Орг. единица | Бр. ој | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 4460 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор:** Надзор над изборното медиумско претставување;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** од 2 до 11 септември 2016 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 17 септември 2016 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**
6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Анализата на известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ Сител е спроведена врз примерок од 10 изданија на Дневникот во 19 часот заедно со последователните Бизнис вести (во оние денови кога се емитуваат).

Во периодот од 2 до 11 септември 2016 година, од вкупно 5 часа 15 минути и 1 секунда, колку што изнесува времето на анализираните прилози, 4 часа 18 минути и 58 секунди се претежно информативни жанрови (пред сè извештаи, но и вести, вести во низа, изјави, интервјуа) како и репортажи. Телевизијата емитуваше и коментари (во еден случај посебно означен како суреднички коментар), како и поджанровите осврти и портрет, кои вкупно траат 56 минути и 3 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ СИТЕЛ | Траење | Процент |
|---|---|---|
| СДСМ | 00:21:42 | 8,38 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:17:18 | 6,68 % |
| Други субјекти | 01:02:04 | 23,97 % |
| Влада на РМ | 00:36:04 | 13,93 % |
| Локална самоуправа | 00:06:15 | 2,41 % |
| Без субјекти | 00:30:30 | 11,78 % |
| Претседател на РМ | 00:05:39 | 2,18 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:19:18 | 7,45 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:43 | 1,05 % |
| ДИК и други органи | 00:04:30 | 1,74 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:36:24 | 14,06 % |
| Собрание на РМ | 00:01:26 | 0,55 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:59 | 0,38 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:02:40 | 1,03 % |
| АРМ | 00:00:27 | 0,17 % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:59 | 4,24 % |
| | Вкупно: 04:18:58 | 100 % |

Статистички најголем дел од субјектите кои се појавиле во Дневникот во 19 часот методолошки се кодирани во категоријата *„други субјекти“* (АВМУ, претставници на Католичката црква, стопански комори, Агенција за супервизија на осигурување, Агенција за посредување при вработување, Сојузот на здруженија на пензионери. Агротиквешија, САРДИЧ МЦ, МИНСТРОЈ, „ЏОНСОН МЕТИ“, „Пивара Скопје“, претставници на МПЦ, МОБ, режисери, „Камчев консалтинг“, Регулаторна комисија за енергетика, професорката Мирјана Најчевска, поранешен пилот, концесионер на Дојранско Езеро, претседател на ОМК за Австралија, ФКТ „Ристо Шишков“, светски рекордер, Асоцијацијата за производство на свињи и свинско месо, Комитетот за истражување авионски несреќи, Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, Регулаторната комисија за домување, Фестивал „Браќа Манаки“ и др.). Активностите на Владата и на органите на државната управа се пред сè вистинити и релевантни и се поврзани со канонизирањето на Мајка Тереза за светица, со прославата на Денот на независноста, со почетокот за учебната година, но и со авионската несреќа во близина на Скопје, автобуската несреќа во Турција во која беа инволвирани патници од Македонија, земјотресите во Скопје на 11 септември, со редовни акции на МВР и сл.. Позначајно е и присуството на методолошката категорија *„без субјекти“* во која се кодирани прилозите кои се потпираат на изјави од граѓани (како очевидци, извори на информации, заинтересирани субјекти во одредена тема).

Во извештаите ТВ Сител настојува да обезбеди повеќе извори на информации и да сопостави ставови. Од контекст на плурализмот на политички гледишта и ставови, во блок партиски активности (честопати по принципот најава од студио со изјава од терен или преку соопштенија) се пренесуваат ветувањата и ставовите на две партии – СДСМ и ВМРО ДПМНЕ, ЛДП е спомната во еден прилог, а НСДП,

ПДП, ДПА и ГРОМ - накусо во осврти/коментари. Кога се објавуваат ставови на ВМРО ДПМНЕ се објавува и став на СДСМ. На изнесените критики од СДСМ честопати одговараат надлежните министерства/институции.

Оние прилози во вестите кои имаат жанровски карактеристики на коментар или некој од неговите поджанрови, најчесто имаат неутрален тон, но има и негативни и позитивни. Коментарот „Мухамед Зекири од независен новинар стана дел од раководството на СДСМ" (2 минути и 55 секунди) има негативен тон и рамка и за Зекири и за СДСМ. Оваа тема се појавува и на последниот ден од примерокот со коментарот „Не само партиска функција, туку и партиска плата добил поранешниот новинар Мухамед Зекири" (1 минута и 35 секунди) кога коментарот пренесен од порталот „Курир", ТВ Сител се обидел да го надополни со ставови на Мухамед Зекири (со кого не успеал да стапи во контакт) и Петре Шилегов (кој нема податоци и смета дека не претставува проблем). Телевизијата избрала еден од прилозите кои се однесуваат на прогласувањето на Мајка Тереза за светица да биде портретот „Мала по раст – голема по вера, Мајка Тереза утре ќе биде прогласена за светица во Рим" (3 минути).

Концентрацијата на коментари, како и нивниот тон и рамка зависи и од тоа кој е уредник и водител на Дневникот во 19 часот. Така, во изданието од 3 септември, има неколку последователни прилози карактеристични по своите тон и рамка. Најпрвин, како најава (19:06:02 – 19:07:00) за означениот уреднички коментар, уредникот и водител на Дневникот со негативен тон и рамка говори за почитувањето на законските обврски коментарите да се издвојат од вестите, како и да не се известува за редовните активности на власта во функција на изборно медиумско претставување на која било политичка партија, велејќи дека во периодот до изборите дневно-информативните емисии ќе се сменат „поради правилата за ограничување, односно цензура на Агенцијата за медиуми. Имено, сега не смееме да објавуваме убави вести, не смееме да говориме и објавуваме прилози за инвестиции, за отворање нови школи, нови градинки итн. бидејќи другата политичка опција не отвара ништо и заради тоа, поради немање таков вид на баланс овие наредни деведесетина и нешто дена нема да гледате вести од тој тип иако на терен работите се случуваат, иако ги има ние не можеме да... ја информираме јавноста за рефлексии од теренот каков што е денот туку во рамките на она што како ограничување ни е наведено." Поставувајќи ја невистинитата теза дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми спроведува цензура, авторот на коментарот истовремено негативно ги врамува регулаторното тело и опозицијата, а позитивно власта. Тезата за цензурата накусо се појавува повторно и во најавата на вестите од спортот, кога уредникот и водител на „Дневникот" обраќајќи му се на новинарот од Спортската редакција вели: „Ти, за среќа немаш цензура од Агенцијата за медиуми, можеш да направиш вести и информации најдобро што знаеш, а не да игнорираш пола настани затоа што се мора".

По ова следува означениот уреднички коментар со негативен тон и рамка за Специјалното јавно обвинителство и СДСМ, СОРОС, Зоран Заев, Зоран Верушевски, Зоран Божиновски, во кој СЈО е обвинето за еднострaност во постапувањето, заташкување и ослободување од одговорност на едни, а преголема строгост кон други - по нарачка на СДСМ (1 минути и 58 секунди).

Следен е коментарот „Општина Карпош водена од ГРОМ и ВМРО ДПМНЕ сама има повеќе проекти од сите три општини на СДСМ – Куманово, Струмица и Центар" (2 минути и 44 секунди). Анализата, низ визура на јавните набавки во сите општини во Македонија, ги фаворизира град Скопје, Општина Карпош и Општина Аеродром, бидејќи имаат најмногу јавни набавки врз основа на што се оценува дека другите општини многу помалку работеле, а ги земале парите.

Серијата завршува со најавата на водителот за (неутрален) извештај од прес-конференција на СДСМ во која се дава негативен тон преку експлицитната оценка: „Е сега некој сака да работи, други сакаат да зборат" со што се поврзува коментарот за бројот на јавни набавки, земен како доказ за работата на Градот Скопје и општините Карпош и Аеродром, со прес – конференцијата, како доказ дека СДСМ само зборува.

На 6 септември емитуван е уште еден коментар со негативен тон и рамка: „Нов министер, нови правила. Оливер Спасовски забрани објавување информации од МВР" (1 минута и 35 секунди) во кој министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски е обвинет за цензура поради барањето тој да им одобрува на портпаролите да држат брифинзи и воопшто да се изнесуваат информации од МВР во јавноста. Негативен тон за СДСМ има и на телопот со кој е опремен еден неутрален извештај (со 3 извори) -

„Документот на ДИК покажува: Крај на фантомската игранка на СДСМ Избирачкиот список брои 1.770.736 избирачи" (3 минути и 18 секунди).

Има и коментари кои во себе содржат теза, антитеза и синтеза обезбедувајќи повеќе информации и извори и така задржувајќи неутрален тон и рамка. Вакви се „Шарените ќе ги добијат добитните места на листите – СДСМ најавува широк фронт" (2 минути и 4 секунди) и „Распределбата на пратеничките места ја вжешти атмосферата кај опозицијата" (2 минути и 18 секунди).

Емитуван е и коментар со позитивен тон и рамка за ВМРО ДПМНЕ „Интензивна агенда на Груевски во Германија – за три дена 15 средби со политичари и стопанственици" (2 минути и 56 секунди). Тезата е поставена и одговорена уште во најавата од студио: „Зошто лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски имаше интензивна агенда во Германија. За три дена 15 средби со политичари и стопанственици. Според Груевски, целта на партиската посета е со германските домаќини да се разменат информации за состојбите во Македонија и да се продлабочат пријателските односи со Сојузна Република Германија". По ова се прави рекапитулација на средбите и изјавите емитувани во претходните денови додека траеше посетата на делегацијата на ВМРО ДПМНЕ на Берлин.

Освртите обично се неутрални и во нив се обработува одредена тема или прашање од повеќе агли/извори. Вакви примери се „Има ли киднапери во Скопје. МВР нема таква пријава" (1 минута и 53 секунди), „Новинарски осврт – 25 години независна Република Македонија – бурна историја како на филмска лента" (4 минути и 17 секунди), „Економското осамостојување на Република Македонија со бројни предизвици, падови и успеси" (4 минути и 47 секунди), „Сител тема: Станарите се жалат од фирмите за домување, а и фирмите се жалат од станарите" (4 минути и 6 секунди), „Главните причинители на сообраќајки: Возење пијан, заради брзо возење или заради користење мобилен во автомобил" (4 минути и 3 секунди), „Сител анализа: Странските инвеститори ја намалуваат невработеноста" (2 минути и 14 секунди). Во освртот „На што се должи падот на невработеноста во Македонија на историски најниско ниво од 24%" (3 минути и 48 секунди), позитивниот став за владините мерки се поткрепува со податоците од Државниот завод за статистика и со изјава од експерт.

Во изданието од 9 септември, медиумот донел уредувачка одлука да ги пренесе колумните на лидерите на двете најголеми партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ објавени во „Утрински весник": „Груевски: Последните 10 години за Македонија се години на развој" (3 минути и 21 секунда) и „Заев: На Македонија и се потребни промени за подобра иднина" (2 минути и 28 секунди).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Сител | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:13:51 | 14,73 % |
| СДСМ | 00:10:35 | 11,25 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:05 | 7,53 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:30 | 0,53 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:47 | 0,83 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:16 | 6,66 % |
| Претседател на РМ | 00:03:17 | 3,49 % |
| Други субјекти | 00:23:15 | 24,73 % |
| Локална самоуправа | 00:02:23 | 2,53 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:15:18 | 16,27 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:51 | 0,90 % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:54 | 10,53 % |
| **Вкупно:** | **01:34:02** | **100 %** |

Најмногу директни обраќања има за претставници на правните лица кодирани како *„други субјекти“*, а потоа претставниците на Владата, на СДСМ и на ВМРО ДПМНЕ.

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

На 2 септември емитувано е издание на емисијата *Јади бурек* чиј водител говори на повеќе актуелни теми: дали ќе има избори, пираните во Дојран, машко-женски односи итн., ги чита насловите од дневните весници и ги коментира најинтересните актуелни настани. Има јавувања на гледачи кои зборуваат за политички и за други актуелни теми.

**Член 75-б од Изборниот законик**

Активностите на централната власт добиле 36 минути во Дневникот во 19 часот и Бизнис вестите емитувани во десетте дена од првиот извештаен период (2-11 септември 2016г.). Значаен дел од ова време се прилози за вистинити и релевантни активности на власта во врска со канонизацијата на Мајка Тереза, 25-годишнината од независноста на Република Македонија, почетокот на учебната година, сообраќајните несреќи (авионска кај Скопје и автобуска во Турција), земјотресот во Скопје, редовни активности на МВР итн. Има прилози со кои некоја активност е ставена во функција на изборно медиумско претставување на ВМРО ДПМНЕ, но потоа следува реакција од СДСМ. Има информации и за вистинити, но маргинални настани кои преку начинот на медиумска обработка се презентирани така што за настанот се информира, но не е во функција на изборно медиумско претставување. Исклучоци од ова се:

***Дневник во 19 часот 02.09.2016***

19:21:20 – 19:22:43 „250 припадници на АРМ заинтересирани за купување армиски стан – првата зграда ќе почне да се гради следната недела“ – извештај за вистинит, но маргинален настан, кој со начинот на медиумска обработка (дента има актуелен настан – прворангираните припадници на АРМ извлекувале броеви на становите што ќе можат да ги купат што не е кажано во прилогот) е ставен во функција на изборно медиумско претставување;

***Дневник во 19 часот 07.09.2016***

19:39:54 - 19:40:43 „Центарот за вработување во Кратово во нов објект“ – извештај за вистинит, но маргинален настан, каде акцентот е ставен на дополнителниот заменик-министер за труд и социјална политика Диме Спасов. Иако во кадарот се гледа директорот на Агенцијата за вработување Влатко Поповски, од него нема изјава;

***Дневник во 19 часот 10.09.2016***

19:05:20 – 19:06:35 „Нова кардиолошка опрема и континуиран развој на интервентната кардиологија во ГОБ 8 Септември“ – извештај за вистинит, но маргинален настан, со изјава од министерот за здравство Никола Тодоров, за болница чиј развој, како што кажува и кајронот, е континуиран. Директорот е прекажан;

19:06:35 – 19:07:17 „Започна реконструкција – 100 тони асфалт од Средно Водно до Нерези" - најава од студио за вистинит, но маргинален настан со изјава од министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски кој популаризира и други проекти на патната инфраструктура, говори за обезбедување дополнителна работа за „Македонија пат" итн.;

Освен ова, има и прилог во кој нема носители на функции на власта, меѓутоа претставник на политичка партија ги претставува активностите/резултатите од владините политики и проекти како активности на политичка партија:

***Дневник во 19 часот 09.09.2016***

19:16:36 – 19:17:55 „Груевски: Реконструкција на патот кон Стража и изградба на автопатска делница Гостивар-Кичево" – најава со изјава, во која Никола Груевски од позиција на претседател на ВМРО ДПМНЕ зборува за владини проекти, распишани тендери, поврзувајќи ги така со партијата.

***Сектор за програмски работи***